**ФПСМ**
11 Октомври 42а, 1000, Скопје
+389 2 3 165 540
www.fpsm.org.мк
contact@fpsm.org.mk
kpv.fpsm@gmail.com

**КОМИСИЈА ЗА ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧИ**

# ОБУКА ЗА ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧИ ВО ЛЕТНИ УСЛОВИ





## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА

Организатор на обуките за здобивање на лиценца за планинарските водичи, согласно стандардите на UIAA, е Комисијата за планинарски водичи (КПВ) во соработка со Центарот за стручно образование (ЦСО) при Федерацијата за планинарство на Северна Македонија (ФПСМ). Изведувачи на обуките се стручни лица, ангажирани од ФПСМ.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

- ФПСМ објавува повик за организирање на обука за планинарски водичи.
- Заинтересираните се пријавуваат на обука за планинарски водичи со документи кои се наоѓаат на интернет страната на ФПСМ http://www.fpsm.org.mk/komisija-za-planinarski-vodici/ (Пријава, здравствена потврда и Преглед на акции).
- Кандидатите кои ќе го положат Приемниот испит се поканети да присуствуваат на Основната школа за кандидати за планинарски водичи и на Обуката за планинарски водичи.
- Документите за учество на обуката за планинарски водичи, со потребните потписи и печати, треба да се испратат на адресата: Федерација за планинарство на Северна Македонија, Комисија за планинарски водичи, 11-ти Октомври 42а, 1000, Скопје, Република Северна Македонија.

## ОБУКИ ЗА ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧИ ПРИ ФПСМ

### Планинарење по лесни патеки во летни услови

Ова е основна категорија за понатамошен напредок кон повисоките категории. Обуката опфаќа основно водење во услови без снег, при што за движење се употребува пред се одењето. Потребни се ориентациски вештини, но не е потребна посебна техничка опрема за обезбедување, ниту специјални технички вештини (на пример, искачување по карпест терен, совладување стрмни, снежни и смрзнати терени каде што има голема веројатност за пролизгување и падови и сл.). Водењето се одвива по лесни означени и лесни неозначени патеки.



Обуката за водичи опфаќа: приемен испит, основна школа, теоретско – практична обука, завршен испит и двегодишен приправнички стаж. Со приемниот испит и со основната школа за планинарски водичи се утврдува способноста на кандидатот за учество на обуката за планинарски водичи. На завршниот испит се проверува наученото на обуката. Вкупното времетраење на целиот процес на обука за планинарски водичи (без приправничкиот стаж е минимум 80 часа)

Оценки за учесниците на обуката:

- Не завршил (вкупна оценка до 50%);
- Завршил (вкупна оценка од 51% - 70%);
- Успешно завршил (вкупна оценка од 71% до 100%).

По завршената обука, следува повеќемесечен период за подготовка на Завршниот испит, после чие успешно завршување, кандидатите стануваат Приправници – Планинарски водич за планинарење по лесни патеки во летни услови. Приправничкиот стаж трае до две години, односно до 31 декември во втората година. До тогаш, приправникот треба да води најмалку 5 различни акции по лесни патеки во летни условипо лесни патеки во летни услови и да одржи минимум едно предавање на планинарска тема. Секоја приправничка акција приправникот треба да ја води под менторство на Ментор, регистриран планинарски водич со иста или со повисока категорија на водење. Последната приправничка акција ја води под менторство на Инструктор/-ка. По завршувањето на секоја Приправничка акција, приправникот испраќа пополнет Извештај за приправничка акција до Менторот на таа акција, кој/-а пополнува свое мислење за приправничката акција и го испраќа финалниот извештај до КПВ. КПВ врз основа на пишаните мислења и известувања ја потврдува (или не) регистрацијата на кандидатот во Планинарски водич.

**Услови за пријавување**

**Општи услови**

- Наврешени 18 години;
- Најмалку IV степен образование (завршено средно училиште);
- Членство во планинарска организација, регистрирана во ФПСМ;
- Членство во организација со која ФПСМ има склучено посебен договор за соработка, кој договор предвидува взаемна едукација на членовите од двете организации;
- Документирана петгодишна планинарска активност;
- Способност за самостојно движење во услови кои се за еден степен потешки од тие за кои е предвидена категоријата за која се пријавува.

Кандидатот треба да ги исполни општите услови со поднесување на соодветни документи (Пријава, Преглед на планинарски акции во последните пет години со потпис и печат од ПК, Изјава за здравствена состојба со потпис и печат од соодветна медицинска установа, Изјава за финансиска поддршка од ПК или самостојно финансирање, доказ за членство во планинарски клуб регистриран во ФПСМ).



**Посебни услови**

Во последните пет години изведени најмалку 10 различни акции по лесни означени патеки.

**Термин за Приемниот испит**: 28.04.2024

**Термин за обуката за планинарски водичи:** 21 - 26.05.2024

**Термин за Завршниот испит**: 22.09.2024

**Рок за пријавување**: 14.04.2024